Slow Food®
Bitola

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
2018



www.slowfood.mk/bitola

Содржина

Филозофија на Слоу Фуд 4
Добра 4
Чиста 4
Правична 4
Структура на Слоу Фуд 5
Конвивиуми 5
Национални мрежи *5*
Интернационална мрежа 5
Активности на Слоу Фуд 6
Заштита на биодиверзитетот 6
Едукација 7
Интернационални кампањи 7
Интернационални мрежи 8
За Слоу Фуд Битола 9
Визија 9
Мисија 9
Легален статус на Слоу Фуд Битола 9
Канцеларија на Слоу Фуд Битола 10
Соработка и партнерства 10
Активности во 2016 11
Интернационални проекти на Слоу Фуд Битола 11
Локални активности организирани од СФ Битола 12
Учество на национални настани 13
Учество на интернационални настани 15
Учество во кампањи 17
Публикации и објави во медиумите 19
Публикации ..... **Error! Bookmark not defined.**
Електронски медиуми 19
ТВ емисии 19
Извештај за финансиско работење 20
Формулар за членство 24

Филозофија на Слоу Фуд

Од еко-гастрономија до нео-гастрономија, Слоу Фуд верува во „нова гастрономија“ како слобода на избор, како едукација, мултидисциплинарен пристап кон храната кој ни овозможува да ги живееме нашите животи што е можно подобро и поквалитетно, користејќи ги ресурсите кои се вредни за нас.

Слоу Фуд се залага за добра, чиста и правична храна за сите

Добра

Добра значи вкусна храна способна да ги стимулира и задоволи сетилата на консументот и дава задоволство додека се јаде. Добра е свежата и сезонска храна, набрана кога плодовите се природно зрели, за разлика од тие кои се селектираат заради нивната можност да издржат подолг временски период и транспорт на долги релации. Локално прифатливи сорти и раси кои се отпорни на болести и одговараат на потребите на локалното население. Добра храна е онаа која придонесува за развојот на локалната заедница и во зачувувањето локалните пејзажи и регионалноста. Храна која е дел од општествената култура и идентитет.

Чиста

Чиста значи здрава храна, произведена во хармонија со природата, каде производителот ја почитува животната средина, благосостојбата на животните и човековото здравје. Производство кое го осигурува опстанокот на традиционалните и одржливите методи на производство кои имаат позитивно влијание врз нашите локални екосистеми. Разнобразност на храната од домородните видови, раси и сорти. Храна со „мал број километри“, помал транспорт, помалку пакување и без употреба на заштитни средства, што значи и помалку загадување на животната средина. Чистата храна е добра за човекот, но добра и за нашата планета.

Правична

Слоу Фуд верува дека храната е универзално право на секој. Храна која е фер и социјално одговорна, достапна за сите, без оглед на приходот, со пристапни цени за потрошувачите и фер услови за плаќање на малите производители. Преку правичната храна се почитува достоинството на производителите и правилно се вреднува нивниот труд, каде секој добива правична заслуга и признание за неговата работа.

Слоу Фуд верува дека секој мора да има пристап до добра, чиста и правична храна!

Структура на Слоу Фуд

Конвивиуми

Конвивиум (con vivere = да се живее заедно) е локално здружение (организација, членство) на Слоу Фуд. Повеќе од 100 000 членови на Слоу Фуд се дел од овие автономни групи познати како конвивиуми, каде што секојдневно се среќаваат и со голема почит го негуваат и пренесуваат задоволството и радоста од квалитетот на добрата локална храна.

Секој конвивиум организира бројни настани во текот на годината, почнувајќи од едноставни вечери, посети на локалните производители и фарми, организација на конференции и дискусии, филмски фестивали, едукации (предавања) за вкусот за деца и возрасни, организација на Пазар на фармерите и многубројни настани и проекти со цел да се запознаат локалните јадења и локалните производители на истите, за потоа да се информираат останатите за нив. Конвивиумите и членовите кои волонтираат во нив, се столбот на Слоу Фуд. Денес има повеќе од 1.500 конвивиуми ширум светот.Конвивиумот создава локална мрежа помеѓу сите оние кои што делат една иста идеја "јадењето е агрокултурен чин кој создава гастрономски чин ".Активностите на конвивиумите се значајни за Слоу Фуд бидејќи ја пренесуваат и оживуваат филозофијата на организацијата. Настаните и иницијативите кои што се организирани од локалните конвивиуми, како што се пазарите на фармерите во Бејрут, Либан, филмскиот фестивал на храната што се одржува во Мар дел Плата, Аргентина, потоа партнерските програми помеѓу Медисон, САД и Мантуа, Италија, се настани на кои членовите можат да се сретнат и да ја споделат заедничката страст која ги поврзува.

Национални мрежи

Некои земји имаат формирано национална асоцијација која што е регулирана од Националните Одбори и ги координира активностите и проектите за Слоу Фуд во согласност со потребите на сопствените држави. Национални Слоу Фуд асоцијации веќе постојат во Италија, САД, Велика Британија, Германија, Швајцарија, Франција, Јапонија и Холандија, нови асоцијации ќе се отвараат во Австралија и Чиле.

Интернационална мрежа

Центарот на оваа мрежа е Слоу Фуд Интернационал. Оваа организација има непрофитен статус и според тоа финансиските придобивки се резултат на различните активности кои што се пропишани во статутот на оваа организација. Интернационалната мрежа на Слоу Фуд го координира, планира и промовира развојот на движењето ширум светот. Сето ова е менаџирано од Инетрнационалниот Борд на Директори кои што се избираат на секои четири години за време на Интернационалниот конгрес на Слоу Фуд. Одборот на директори се состои од интернационалниот лидер (претседател) Карло Петрини, три потпретседатели и интернационален секретаријат и претседателите на главните национални асоцијации.Највисок институционален менаџерски тим на Слоу Фуд е Интренационалниот Одбор на Директори. Интернационалната раководна структура на Слоу Фуд е составена од Меѓународниот Совет, кого пак го сочинуваат 19 земји, така што на тој начин се дефинира политичката стратегија и стратегијата за развој на Слоу Фуд. Седиштето на интернационалната мрежа на Слоу Фуд е сместен во Бра, Италија.

Активности на Слоу Фуд

Интернационалната Slow Food организација води и организиранеколку исклучително важни проекти, организира кампањи,големи меѓународни настани и саемина светско ниво, каде членовите и симпатизерите на Slow Food мрежата од целиот свет споделуваат знаења и искуства

Заштита на биодиверзитетот

Slow Food Foundation for Biodiversity

Slow Food Foundation for Biodiversity (Слоу Фуд фондација за биодиверзитет) е фондација на Слоу Фудкоја ја поддржува заштитата на биодиверзитетот на храната. Фондацијата води повеќе проекти како што се: Арка на вкусови, Президиуми, Пазар на фармери, Алијанса на готвачи, 10.000 градини во Африка и Наративни етикети.

Ark of taste

Ark of taste(Арката на Вкусови) е проект кој претставува каталог создаден за да го истакне постоењето на одредени уникатни видови на производи на кои им се заканува опасност од исчезнување.

Кога одреден производ е вброен во Арката на вкусови, Slow Food ги повикува сите да превземат акции за негова заштита, преку промоција на производот, негово купување, конзумирање, преку поддршка на производителите, а во некои случаи (кога се работи за животни) нивна конзервација и размножување.Во 1999, Слоу Фуд преку Арката на Вкусови го започна првиот Слоу Фуд Президиум, и се до денес номинирањето на производ во Арката на Вкусови е првиот чекор производот да стане Слоу Фуд Президиум.

Presidia

Presidia (Президиуми) се поединечни проекти за производите кои Slow Food се труди да ги заштити од исчезнување. Тоа се различни видови на храна, растенија и животни.

Кога еден производ ќе стане Президиум, Слоу Фуд Фондацијата за Биодиверзитет, соподдршкана локалнитеконвивиумиим помагана производителите на производот да ги решат проблемите со кои се соочуваат. Президиумот ги обединува изолираните производители и ги поврзува со алтернативни и достапни пазари каде што производот е ценет и може да се продава. За еден производ, кој е веќе дел од листата на Арката, да стане Президиум од суштинско значење е да се направи директен контакт со производителите, кои за возврат мора да ги споделуваат Slow Foodвредностите и филозофијата и да се мотивираат за да го развијат проектот. Слоу Фуд секоја година објавува издание кое ги содржи сите президиуми ширум светот.

Earth Markets

Earth Markets (Пазар на фармери) претставува интернационална мрежа на фармери која промовира добра, чиста и правична храна.

The Alliance of Chefs

The Alliance of Chefs (Алијанса на готвачи) обединува околу 300 готвачи со мали локални производители.

Едукација

Слоу Фуд верува дека со разбирањето на тоа од каде доаѓа нашата храна, како е произведена и од кого, може да научиме како да ги комбинираме задоволството и одговорноста во секојдневните избори и да го цениме културното и општествено значење на храната.

Едукативните проекти на Slow Food се разликуваат од сите останати затоа што се засноваат на идејата дека храната значи задоволство, култура и радост. Едукативните иницијативи се организираат за различни профили на луѓе, за деца и возрасни, наставници, слоу фуд членови и за општата јавност. Овие проекти се воразлични форми: училишни градини, дегустации, посети на фарми, практични работилници и оброци со производители.

Во рамките на Slow Food функционира и Универзитетза гастрономски науки.

Интернационални кампањи

Cheese

Cheese (Сирење)е саем посветен на млекото во сите негови форми и облицикој се одржува на секои две години во Бра, Италија.

Slow Fish

Slow Fish (Бавна риба)претставува биенален настан посветен на одржлив и занаетчиски риболов кој се одржува на секои две години во Џенова, Италија.

Slow Meet

Slow Meet (Бавно месо)е прослава на одржливото и традиционално сточарство која претставува повик за акција за подобро производство и потрошувачката на месо.

Terra Madre Day

Terra Madre Day (Ден на мајката земја) претставува еднодневен настан за славење на локалната храна организиран на локално ниво од сите заедници ширум светот, а се слави секоја година на 10 декември.

Интернационални мрежи

Indigenous Terra Madre

Indigenous Terra Madre (Домородна Мајка Земја) е средба на претставници на локални заедници и производители на храна од целиот свет. Првпат оваа средба се одржа во Шведска во 2011 година, а следната средба се одржа во Индија во ноември 2015.

Salone del Gusto and Terra Madre

Salone del Gusto and Terra Madre (Салон на вкусот и Мајка Земја) е глобална средба на Слоу Фуд и Тера Мадре мрежата која се одржува секоја втора година во Торино, Италија.

Slow Food Youth Network

Slow Food Youth Network (Мрежа на Слоу Фуд Млади) е меѓународна мрежа на млади луѓе кои носат промени во областа на производството и потрошувачката на храна и се интересираат за теми во однос на одржливоста. Таа е основана од ентузијасти и мотивирани млади луѓе со страст за добра, чиста и правична храна.

За

Слоу Фуд Битола

Слоу Фуд Битола е дел од интернационалната светска мрежа на Slow Food организации чиј основач е организацијата Slow Food International со седиште во Бра, Италија, која е основана и постои од 1987 година

Визија

Визијата на Слоу Фуд Битола е Македонија како земја со изградена нова гастрономска култура базирана на традиционалната македонска кујна, разновидните земјоделски производи од локалните фармери и знаењето на новите генерации. На нашите трпези да ги комбинираме задоволството од вкусувањето на храна и одговорнноста која ја имаме пред идните генерации бидејќи преку чинијата која е секојдевно пред нас го гарантираме опсатнокот на многу сорти, раси, производи и методи на преработка, како и опстанокот на ситните фаремри во руралните средини.

Мисија

Мисијата на здружението е преку различни активности трајно да го промени функционирањето на прехранбениот систем, да направи присетување и навратување на заборавените вкусови и едукација на новите генерации со цел да ги почитуваат традицијата, растенијата, животните, плодните почви и води од кои прозлегува нашата храна. Здружението исто така работи на инспирирање на трансформацијата на политиката на храната, производните пракси и пазарните сили, така што тие да обезбедат задоволство, еднаквост и одржливост на храната што ја јадеме.

Легален статус на Слоу Фуд Битола

Слоу Фуд Битола е здружение на граѓани чиј назив е „Здружение на граѓани за добра чиста и правична храна Слоу Фуд Битола“кое ерегистрирано 22.06.2011 година.

Здружението одржува годишни собранија и брои околу 80 членови.

Претседател:
Николче Николовски

Заменик Претседател:
Пеце Цветковски

Надзорен одбор:
Јагода Димитровска
Златко Сирета
Ана Караманди

Управен одбор:
Николче Николовски
Пеце Цветковски
Тања Шундовска
Катерина Мавровска
Живко Георгиевски
Никола Козаровски
Гоце Атанасовски

Канцеларија на Слоу Фуд Битола

Канцеларијата на СФ Битола се наоѓа во комплексот Пелагонка 2 Битола, на адреса ул. „Климент Охридски“ 33/35 кат 3, Битола и моментално брои 2 вработени лица. За одредени потреби на организацијата повремено се ангажираат надворешни соработници.

Проектен координатор
Емилија Неделковска

Комуникација и техничка поддршка
Анита Главевска, соработник

Телефон за контакт
389 70 922 429

Програмски асистент
Елена Каровска

Е-пошта
Info@slowfood.mk

Соработка и партнерства

Соработка со сестрински организации на национално и интернационално ниво

- Слоу Фуд Млади на Македонија
- Слоу Фуд Скопје
- Слоу Фуд Водно
- Слоу Фуд Гевгелија
- Слоу Фуд Кавадарци
- Слоу Фуд Осогово
- Slow Food Macedonia
- Slow Food International
- Slow Food Italy
- Slow Food Bulgaria
- Slow Food Turda Romania

Локална и национална соработка

- Агенција за земјоделство на Р.М.
- Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Р.М.
- Општина Битола
- Општина Кавадарци
- Центар за култура Битола
- Завод и музеј Битола
- Канцеларија на ТАКСО во Македонија
- ПРЕДА – Регионална Развојна Агенција на Пелагонија
- Факултет за Нутриционизам - Битола
- Факултет за Земјоделски Науки и Храна – Скопје
- МИТ универзитет
- Средно училиште за угостителство и туризам „Лазар Танев “ - Скопје
- Гимназија „Крсте Петков Мисирков“ – Демир Хисар
- ОУ „Елпида Караманди“ Битола
- ОУ „Гоце Делчев“ Битола
- Кафе Бар Јагода
- Кафе Бар Чаршија
- Вила Дихово Битола
- ТВ Орбис
- ТВ Тера
- МТВ 1

Интернационална соработка

- VIS - Албанија
- Adept fondacija - Романија
- Натура Балканика - Србија
- SlowFood - Бугарија
- Kino Okus - Хрватска
- OkusiHercegovine – Босна и Херцеговина

Активности во 2018

Слоу Фуд Битола работи на проекти со партнери од други земји, секоја година организира локални активности за своите членови, поддржувачи и симпатизери, со свои делегати учествува на национални и интернационални настани и саеми за храна, а во соработка со Слоу Фуд Македонија и сестринските организации во Македонија организира кампањи за подигнување на јавната свест во однос на храната

Интернационални проекти на Слоу Фуд Битола

"Од нива до маса - Канализирање на проблемите на фармерите преку документи со ставови и други пишани форми" е да се зголеми способноста и одржливоста на малите фармери и производители на храна кои користат традиционални методи на производство во регионот на Мавровo - Ростуше и југоисточниот регион на Македонија, преку препознавање на нивните потреби и проблеми и адресирање на истите пред националните донесувачи на одлуки.

Реализацијата на проектот ќе се одвива во текот на 12 месеци, започнувајќи од 12.06.2017 до 11.06.2018 година а истиот ќе биде спроведен од страна на "СлоуФуд Битола" и партнерите "СлоуФуд Водно" и "Еко Роалес", поддржани од соработниците Здружение на сточари "ДАШИ".



СлоуФуд Битола и партнерите ќе им помогнат на производителите да надминат дел од проблемите со кои се соочуваат преку постигнување на четирите <u>специфични цели:</u>

1. Да се направи целосна употреба на опцијата за флексибилност и да се овозможи директна продажба на квалитетни сирења, преку дефинирање на проблемите со кои се соочуваат малите производители на сирења во пишани форми и нивно адресирање кон креаторите на политиките кои имаат одговорност да ги регулираат различните производи на пазарот;

2. Да се анализираат производи кои поседуваат можност да бидат заштитени со некоја од ознаките за квалитет со што би се придонело за руралниот развој и заштитата на биолошката разновидност, преку утврдување на предностите и недостатоците на европската политика за квалитет како алатка за оваа намена и нејзиното спроведување во земјата;

3. Да се иницира јавна дебата за одржлив рурален развој во Македонија и да се промовира работата на малите производители како модел за одржливо производство, преку активно вклучување на локалните и националните медиуми;

4. Да се подигне свеста на производителите и на потрошувачите во врска со важноста на биолошката разновидност и заштитата на пејзажите, преку креирање и спроведување на активни кампањи.

Локални активности

Terra Madre Day

Секоја година на 10 Декември сите Слоу Фуд организации го празнуваат Terra Madre Day (Денот на Мајката Земја). Оваа година Слоу Фуд Битола, овој ден го прослави со две активности. Едната активност беше посета на сушницата нановиот Президиум за Буковска пипер каде учениците од О.У Коле Канински од с. Буково беа во воедени во производството на еден традиционален производ преку предавањата на производителите и наставниците. Втората активност беше делење на јаболка и круши на случајни минувачи каде со овој гест беше одбележан денот на локалната храна



Трпеза Филм Фестивал 2018

На 18-20 август 2018 се одржа третото издание од филмскиот фестивал Трпеза филм фестивал во организација на СФ Битола и Слоу Фуд Млади Македонија. Фестивалот се одржа во Артикултура Битола, а имаше можност да се проследи ревија на филмови кои во изминатите години дадоа нов поглед на храната преку начинот на кој ја третираа на филмското платно. Дел од овие филмови извршија големо влијание и инспирираа повеќе автори да започнат да истражуваат и снимаат нови филмови и да им ги доближуваат голем број на проблеми и предизвици кои стојат пред консументите и можноста за избор кој го имаат, додеката пазарат или со својата вилјушка на трпезата. За време на фестивалот се одржаа дискусии во врска со презентираните филмови. За посетителите на фестивалот првата вечер беше организирана забава со ди-џеј, додека втората вечер беше организиран коктел со слоуфудовски закуски и дружење со разговори за прикажаните филмови.







Учество на национални настани

Винодонија 2018

Винскиот салон Винодинија во изминатите изданија постигна голем успех со што на едно место се собраа македонските винарски визби, како и винариите од Балканот и многу други европски земји како што се Италија, Франција и др. Во 2018 година по трет пат се собраа сите релевантни чинители во земјата во однос на винската индустрија, љубителите на виното, критичарите и новинарите, како и претставници од секторот ХоРека, бизнис заедницата и претставници од амбасадите во земјата и регионот. Повеќе од 40 винарски визби се изложувачи во Скопскиот салон за вино - Винодонија, каде е создадена ексклузивна можност да се дегустираат повеќе од 300 различни етикети на вино. Во рамките на мрежата на Слоу Фуд Македонија, малите винарски визби ја презентираат својата идеја и важноста на заштитата на националните и локални сорти на грозје, како и важноста за локалниот економски развој.





Фестивал на диви смокви 2018

Заеднички **г**одишен настан со Здружението Еко Росалес, кој се одржа во Валандово на кој посетителите имаа можност да се запознаат со производителите на слатко од диви смокви обединети во најголемиот македонски президиум на Слоу Фуд „Слатко од диви смокви“ кои неуморно ја чуваат долгата традиција и рецепт за производство на овој автентичен специјалитет. На фестивалот се присутни и останати производители кои се дел од националната мрежа Слоу Фуд Македонија, кои ги презентираат своите производи меѓу кои: к’цна сол, буковска пипер, слатко од шумски плодови, јаболков оцет... со што овој настан добива значење и на поширок ниво.



Учество на интернационални настани

Terra Madre Balkans 2018

Петтото издание на настанот "Тера Мадре Балкан" се одржа од 21-23 мај во Брисел, Белгија, и ги собера земјоделците од неколку балкански земји со промовирање на своите производи, вклучувајќи ги и областите на економијата, земјоделството, туризмот, храна и начин на исхрана.

На овој настан се состанаа 100 делегати од 12 земји, како што се Македонија, Албанија, Косово, Турција, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Црна Гора, Романија, Србија и Италија.
Во рамките на „Тера Мадре Балкан„, исто така беа организирани и тркалезни маси, работилници и разни конференции. Некои од темите на дискусиите беа: борбата против глобалниот глад, пристапот до пазарот-пристап до можностите, стабилниот рурален туризам и пристапот до мултифункционалното земјоделството.



Terra Madre Salone del Gusto 2018

Тера Мадре и Салоне дел Густо е најголемиот светски настан, на кој се презентираат и се дискутира за производите и нивните производители, собрани од целиот свет, на едно место.

Слоу Фуд Македонија од 2008 година е редовен учесник на овие настани, на кој ги презентира најрепрезентативните производи заедно со производители од Македонија.

Тера Мадре е конференција на мрежите, која на едно место собира многу производители на храна, експерти и научници, гастрономи и поддржувачи од целиот свет, на која на различни сесии, на околу 70 тематски сесии, се дискутира за проблемите, решенијата и иднината на нашата храна, во синџирот пд производство, дистрибуција до консумација и какво влијание има таа за производителите, консументите и животната средина.

Салоне дел Густо е саем на производи од храна на кој свои производи изложуваат производители од 150 различни земји од светот.

Претходно, Салоне дел Густо и Тера Мадре настанот се одржуваа во исто време, но одделно. Во 2008 овие два настани почнаа да се одржуваат заедно и под исто мото, разговарајќи за исти теми и проблеми.Тоа се два интернационални настани, кои се одржуваат секоја втора година, под водство на организацијата Слоу Фуд. Салоне дел Густо беше востановен во 1996 година, додека Тера Мадре за прв пат беше организирана во 2004 година.

Во 2018 година организацијата Слоу Фуд, заедно со градот Торино и регионалните власти на Пиемонте, поддржани од Министерството за земјоделство на Италија ќе го организира шестото издание на Тера Мадре и деветтото на Салоне дел Густо.Оваа година за прв пат ќе се одржина повеќе локации низ градот Торинои самиот настан ќе биде од отворен карактер.

Македонската делегација во организација на Слоу Фуд Битола, Слоу Фуд интернационал и останати субјекти повторно ќе земе учество на сите настани организирани во периодот 20-24.09 2018 во Торино.



Организирање на кампањи

Регулативите на маса

На 31.05.2018 во Скопје се одржа конференцијата „Регулативите на маса:во поддршка на традиционалните производства“ и тоа на две теми кои во суштина ги тангираат малите производства на земјоделски производи. Поконкретно, сесиите ги посветивме на заштитените ознаки за квалитет како алатки за заштита на традиционалните производи и користењето на флексибилноста при регистрацијата на малите производства, и во двете ставајќи акцент на законските рамки кои ги регулираат, како и нивната примена и состојбата на терен. Конференцијата се реализираше како завршен настан во рамки на проектот „Од нива до маса - Канализирање на проблемите на фармерите преку документи со ставови и други пишани форми“ кој пак беше финансиран од Програмата за грандови и обука: Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации од Западен Балкан кои работат на поле на одржливо земјоделство. Оваа програма е координирана од Организацијата за почитување и заштита на животните - ORCA која во име на регионалната тематска мрежа ја спроведува акцијата „Одржливо земјоделство за одржлив Балкан: Зајакнување на капацитетите за застапување на граѓанските организации и развој на политики во Западниот Балкан“.



Биодиверзитет на млеко

Оваа кампања се спроведува за зачувување на традиционалните македонски млечни производи како и автохтоните раси кои се во опасност од изчезнување. Слоу Фуд Битола во рамки на оваа кампања организира учества на конференции, посета на бачила и мали производители на сирење во рамкина проектот ОРКА. Исто така, организира дегустации на различни сирења од мали производители, организира презентации, а на социјалните мрежи активно учествува во ажурирање на фејсбук групата за Биодиверзитет на млеко.









Едукација

Едукација е кампања на Слоу Фуд организациите во Македонија и опфаќа едукативни работилници, дегустации и презентации за едукација на деца и возрасни. Оваа година активностите во рамки на оваа кампања се одржаа за време на настанот Тера Мадре Македонија во Битола. Активностите опфатија повеќе работилници за сензорна едукација на најмладите.





Публикации и објави во медиумите

Слоу Фуд Битола на интернет

Организацијата одржува интернет страна и со свои профили е активна на социјалните мрежи Facebook, Twitter, LinkedIn, Pinterest, YouTube на кои може да се следат активностите на организацијата. За повеќе информации може да се посети страната на интернационалната Slow Food организација.

www.slowfood.mk

www.slowfood.com

Електронски медиуми

Прилози за Слоу Фуд Битола може да се најдат на повеќе интернет портали

1. http://marketing365.mk/intervju-so-elena-karovska-od-slow-food-makedonija/
2. http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/1130422/index.html
3. http://setaliste.com.mk/vesti/makedonija/%D1%84%D0%B8%D0%BB%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B1%D1%83%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D0%B8%D0%BF%D0%B5%D1%80-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%B6%D0%B0%D0%BD-%D0%BD/
4. http://artkujna.mk/tsironki-meze-na-sezonata/
5. http://artkujna.mk/prikazna-za-pchelite-medot-mladiot-pchelar-mechkite/
6. https://civicamobilitas.mk/vesti-od-grantisti/moja-hercegovina-makedonci-odusevljeni-domacom-hranom-iz-nevesinja/
7. https://sitel.com.mk/fotografskiot-natprevar-viki-ja-saka-hranata-i-za-makedonskite-jadenja
8. http://artkujna.mk/prv-sobir-i-degustatsija-na-pivo-proizvedeno-vo-domashni-uslovi/

ТВ емисии

Документарен филм за Буковската пиперка во рамки на серијалот „На трпеза кај...“ на АРТЕ ТВ (Германија/Франција)
Прилог за Слоу Фуд во рамки на емисијата „Аграр“ на МТВ 1
Гостување во емисијата „Актуел“ на ТВ Тера
Гостување во информативна емисија на ТВ Орбис

Извештај за финансиското работење

Слоу Фуд Битола како непрофитна организација и здружение на граѓани се финансира од грантови, донации и членарина.

ЕМБС: 06711820
Целосно име: Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2018

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	326.927,00			681.515,00
202	- - Потрошени материјали	99.605,00			110.722,00
203	- - Потрошена енергија	23.727,00			19.078,00
204	- - Други услуги	10.660,00			18.830,00
205	- - Превозни и транспортни услуги	61.765,00			150.497,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	21.173,00			212.428,00
209	- - Наемнини	107.800,00			169.960,00
210	- - Други материјални расходи	2.197,00			
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	1.456.467,00			837.006,00
212	- - Провизија за платен промет	15.829,00			18.272,00
215	- - Дневници за службено патување	5.532,00			16.600,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	1.880,00			14.278,00
217	- - Негативни курсни разлики	4.160,00			1.106,00
218	- - Членарини				1.000,00
219	- - Други расходи	637.066,00			753.110,00
221	- - Пренесени средства	792.000,00			32.640,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	329.681,00			34.314,00
224	- - Средства за опрема				34.314,00
225	- - Други капитални средства	329.681,00			
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)	150.679,00			401.080,00
231	- - а) Вкалкулирани плати	102.725,00			401.080,00
232	- - б) Вкалкулирани надомести	47.954,00			
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	390,00			
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	2.264.144,00			1.953.915,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	109.582,00			1.074.748,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	109.582,00			1.074.748,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	2.373.726,00			3.028.663,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)	7.500,00			
242	- - Приходи од услуги	7.500,00			
243	- - Приходи од камати и позитивни курсни разлики	619,00			28,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	2.310.645,00			2.690.853,00
245	- - Приходи од кирии и закупнини				5.000,00
247	- - Други приходи	25,00			223.200,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	54.937,00			109.582,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	2.373.726,00			3.028.663,00

252	- - ВКУПНО (250+251)=239	2.373.726,00			3.028.663,00
438	- - Број на работници	2,00			2,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	437.917,00	578.872,00	106.641,00	472.231,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	437.917,00	578.872,00	106.641,00	472.231,00
6	- - Опрема	108.235,00	249.191,00	106.641,00	142.550,00
7	- - Други материјални средства	329.682,00	329.681,00		329.681,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	385.617,00	1.417.648,00		1.417.648,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	109.582,00	1.074.748,00		1.074.748,00
12	- - Жиро сметка	109.582,00	1.074.748,00		1.074.748,00
23	- - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ	3.900,00	3.900,00		3.900,00
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)	272.135,00	339.000,00		339.000,00
27	- - Други активни временски ограничувања	272.135,00	339.000,00		339.000,00
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		36.707,00	36.707,00	0,00
31	- - Ситен инвентар		36.707,00	36.707,00	0,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	823.534,00	2.033.227,00	143.348,00	1.889.879,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	437.917,00			472.231,00
45	- - Деловен фонд	437.917,00			472.231,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061)	272.135,00			339.000,00
54	- - в) Обврски спрема државата за даноци и придонеси и други обврски	9.590,00			
56	- - Други краткорочни обврски	242.000,00			339.000,00
61	- - Обврски за плати	20.545,00			
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	113.482,00			1.078.648,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	109.582,00			1.074.748,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	3.900,00			3.900,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	823.534,00			1.889.879,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
686	- - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР)				28,00
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)				2.690.853,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	2,00			2,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	109.582,00			1.074.748,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	109.582,00			1.074.748,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	109.582,00			1.074.748,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за	Нето за тековна година

		тековна година
2598	- 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место	3.028.663,00

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Slow Food®
Bitola

Формулар за членство

(Ве молиме формуларот пополнете го со латинично писмо)

Име

Презиме

Датум на раѓање

Пол

Адреса

Град

Поштенски код

Држава

Професија

Телефон

Е-пошта

Назив на конвивиум во кој пристапувате

Место и датум

Slow Food®
Bitola

www.slowfood.mk/bitola

Уредување и дизајн Ана К. | Битола 2019